Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 мај 2007 година.

Бр. 07-2279/1
18 мај 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ**

Член 1

Во Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните ("Службен весник на Република Македонија" број 36/92, 12/93 и 43/2000), во членот 15 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице, како и на лицето одговорно за вршење на самостојна дејност - давање услуги за сместување на граѓани."

Член 2

Членот 16 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице кое не ќе пријави или одјави живеалиште, односно престојувалиште или адреса на станот или тоа не го стори во пропишаниот рок (членови 3, 4 став 1, 7 став 1 и 8 став 1)."

Член 3

По членот 16 се додаваат два нови члена 16-а и 16-б, кои гласат:

"Член 16-а

За прекршоците предвидени во членот 16 на овој закон прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја.

Член 16-б

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон, Министерството за внатрешни работи води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците."

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".